Архивски знак: 0204
Рок на чување: трајно
11.05.2017 година

Технолошко-технички факултет-Велес

| Примено: | 11.05.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 395/1 | | |

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-745
08.05.2017 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, прв циклус четиригодишни студии на Технолошко-технички факултет Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, прв циклус четиригодишни студии на Технолошко-технички факултет Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр.17-307/17 од 13.01.2017 година за акредитација на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, прв циклус четиригодишни студии на Технолошко-технички факултет Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, се обрати со барање 03-101/2 од 23.03.2017 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-745 од 27.03.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, прв циклус четиригодишни студии на Технолошко-технички факултет Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-745 од 18.04.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 26.04.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-745 од 02.05.2017 година, каде е наведено дека за студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, прв циклус четиригодишни студии на Технолошко-технички факултет Велес при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
4
СКОПЈЕ

изготвил: Биљана Зафировска
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити